Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 282/0306
22.12 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 09 ноември 2023 година, врз основа на примена жалба од Бојан Стојановски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „*ПОРТАЛОТ ИРЛ ОСУДЕН ЗА КЛЕВЕТА ВО СПОРОТ СО КОЧО АНЃУШЕВ, Компанијата се жали на нечесна игра на ЗНМ*", објавен од порталот Плусинфо на 24.10.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членовите 1 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) на 19 октомври 2023 година, лицето Бојан Стојановски поднесе жалба за текстот со наслов „***Порталот ИРЛ осуден за клевета во спорот со Кочо Анѓушев, Компанијата се жали на нечесна игра на ЗНМ“,*** објавен од порталот Плусинфо на 24.10.2023 година.

Жалителот смета дека прекршени се членовите 2 и 8 од Кодексот на новинарите на Македонија. Во жалбата се истакнува дека текстот објавен од Плусинфо „...ги исполнува сите стандарди за ПР објава. Соопштението на компанијата Фероинвест е пренесено во целост од збор до збор, без да се побара втората страна која е учесник во постапката. Ваквиот начин на пренесување ПР објави без да се запазат основните новинарски стандарди за застапеност на двете страни е опасно, а јавноста се носи во заблуда, бидејќи на граѓаните им се презентира еднострана приказна. Чесен пристап е медиумот да наведе дека станува збор за ПР објава, бидејќи новинар од Плусинфо не беше присутен на рочиштето за објава на пресуда.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Плусинфо.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Во име на Плусинфо, одговор достави Бранко Героски од кој делови се пренесени во следниот текст:

- „Во врска со жалбата од Бојан Стојановски, во која жалителот тврди дека текстот од 24 октомври под наслов ПОРТАЛОТ ИРЛ ОСУДЕН ЗА КЛЕВЕТА ВО СПОРОТ СО КОЧО АНЃУШЕВ Компанијата се жали на нечесна игра на ЗНМ (линк: https://plusinfo.mk/portalot-irl-osuden-za-kleveta-vo-sporot-so-kocho-an-ushev-kompani-ata-se-zhali-na-nechesna-igra-na-znm/) е „класична ПР-објава“ и дека „чесен пристап е медиумот да наведе дека станува збор за ПР-објава, бидејќи новинар од Плусинфо не беше присутен на рочиштето за објава на пресуда“, укажуваме на следново:

- Во наведениот напис, освен во поднасловот, во кој јасно е напишана фразата „...наведено е во соопштението на Фероинвест“, тој факт, имено дека се цитира соопштение на компанијата, јасно се наведува уште на 4 места во текстот. Според тоа, нема никаква основа било кој, (освен некој што сака злонамерно да го протолкува овој текст), да биде заведен дека овој напис е нешто друго освен соопштение на компанијата. Дали жалителот тоа соопштение ќе го нарече ПР-објава, коминике или на друг начин – сосема е ирелевантно, суштината е иста. Во таа смисла, тврдењето на жалителот е беспредметно и бараме Комисијата да ја отфрли жалба.

- ...Во жалбите на ИРЛ постојано провејува еден повик Редакцијата на Плусинфо да контактира со Редакцијата на ИРЛ, да бара изјави од нејзините новинари како од „втора страна“, да презема нивни стории, да има увид во некакви нивни записници и документи и слично. Жал ни е што не можеме да прифатиме таква улога во тој лош „филм“. Ние така не функционираме. А дека сме биле во право, видовме и од фактот што при единствената прилика кога новинарот на Плусинфо Војислав Мојсовски присуствувал на спомнатото судско рочиште и бил во контакт со своите колеги од ИРЛ, тие кон него се однесувале неколегијално, му кажувале што смее а што не смее да прави и слично. Повелете, повикајте го новинарот Мојсовски, да сведочи пред Комисијата за ова непристојно поведение (иако, се разбира, тоа е ирелевантно за жалбите).“

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови одлучи дека во текстот се прекршени членовите 1 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

*Член 1: Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

*Член 16: Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 09 ноември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот, извршија увид во спорната содржина и ги земаа предвид и аргументите истакнати во одговорот на медиумот.

Комисијата одлучи дека во текстот се прекршени членовите 1 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

Членот 1 од Кодексот е прекршен бидејќи медиумот не ја консултирал втората страна, односно не го претставил гледиштето на редакцијата на ИРЛ. Во текстот е пренесено само соопштението на Фероинвест во кое редакцијата на ИРЛ се обвинува дека по изрекувањето на пресудата продолжила“...да ја демне компанијата, па лица од нивната група биле распоредени околу деловната зграда и го фотографирале објектот и вработените“.

Комисијата потсетува дека во членот 1 на Кодексот на новинарите децидно се вели дека точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно, а во точка 1.4 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите се дополнува дека онлајн медиумите „нема да објавуваат неосновани обвинувања, клевети, гласини, измислени интервјуа, анонимни дописи и други информации чија кредибилност не може да се процени.“

За да ја провери точноста на наводите изнесени во соопштението на Фероинвест, Плусинфо имал професионална должност да побара изјава и став и од редакцијата на ИРЛ во врска со постапувањето на новинарите или вработените во оваа медиумска платформа, во поглед на обвинувањата за тоа дека нивните постапки биле непрофесионални по изрекувањето на пресудата. Впрочем, самиот Героски во својот одговор на жалбата категорично тврди дека без разлика на барањата и укажувањата на новинарите на ИРЛ, ни во иднина нема намера да ги третира како втора страна.

Во натамошната расправа Комисијата одлучи и дека е прекршен и членот 16 од Кодексот бидејќи и во овој текст се насетува тенденцијата на медиумот Плусинфо присутна и во други објавени текстови да се пресметува со колегите новинари од редакцијата на ИРЛ, притоа покажувајќи видлива наклонетост кон едната страна, во конкретниот случај компанијата Фероинвест.

Примената на членот 16 од Кодексот, кој ја нагласува потребата од солидарност и чување на кредибилитетот и угледот на новинарската професија, е исклучително важна во контекст на истражувачкото новинарство. Подривањето на работата на колегите кои работат на откривање корупција и незаконско работење на носителите на јавни функции може дополнително да ги зголеми притисоците врз нивната независна работа и да им нанесе огромна штета, особено во вакви случаи кога против нив се води судска постапка поврзана со резултатите од нивната истражувачка работа.

Токму затоа, во точка 16.5 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите децидно се вели дека „онлајн медиумите ќе ги поттикнуваат и ќе се грижат за заемните односи и почит меѓу колегите во другите медиуми и ќе се воздржуваат од јавно изразување или пласирање содржини со кои ги навредуваат или им нанесуваат штета.“

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи како што е погоре образложено. Еден член од Комисијата се иззема во процесот на одлучување за овој случај.

Во расправата за оваа точка учествуваа следните членови на Комисијата: Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Димитар Мицев, Снежана Трпевска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595